# ЗАНАЕТЧИЈА



Весникот е изработен со заеднички средства на Занаетчиската комора Кобленц и Занаетчиската комора Скопје

НЗК

занаетот наша иднина

Број 10 | Октомври 2007 | E-mail: zanaet@unet.com.mk



*Секцијата на пекари*

**БАРААТ**

**ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ЛЕБОТ ИЛИ АПЕЛ ДО ВЛАДАТА НА РМ ЗА нејзино СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ или ИНТЕРВЕНТЕН УВОЗ НА ПЧЕНИЦА, БРАШНО**

повеќе на страна 2



**ДВА СТРУЧНИ СЕМИНАРИ ЗА ЗЛАТАРИТЕ**

Од 17 до 21 септември во новиот образоване центар во организација и на Партнерскиот проект на Занаетчиската комора Кобленц се одржа национален стручен семинар за млади златари од Македонија на кој учествуваа 20 ученици.

повеќе на страна 5



**ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО**

**ИЗВЕШТАЈ**

*од одржаните деловни средби во рамките на Меѓународниот саем за занаетчиство МОС Целје кој се одржа од 12-19 септември 2007*

повеќе на страна 7

*Секцијата на пекари*

## БАРААТ

## ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ЦЕНАТА НА ЛЕБОТ ИЛИ АПЕЛ ДО ВЛАДАТА НА РМ ЗА нејзино СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ или ИНТЕРВЕНТЕН УВОЗ НА ПЧЕНИЦА, БРАШНО



Скопје, 15.07.2007 год.

Секцијата на пекари при занаетчиската комора Скопје поради настанатата состојба на пазарот која е причина на забраната на извоз на жито и брашно од Србија и немањето доволно жито и брашно од сопствено производство, како и поради немањето на резерви на жито и брашно со кои би можеле да се надмине оваа кризна состојба, со зголемување на цената на брашното кое е основна состојка за производство на леб, пекарите реагираа и свикаа состанок на кој ја разгледаа настанатата состојба и барање излез од настаната состојба затоа што трошоците за производство се зголемени цената на лебот е ниска и се работи со загуба.

Се изнесоа причините поради кои се јави загриженост кај производителите на леб во Скопје.

1. Цената на брашното кое се увезуваше од Србија и Косово и која се движеше од 13-15 ден/кгр, сега по забраната за извоз на брашно, цената на домашното брашно се движи од 20-21 денар по килограм.
2. Цената на зејтинот се зголеми од 48 ден/л на 55 ден/л.
3. Цената на адитиви се зголеми од 120 ден/кгр на 180 ден/кгр.
4. Цената на нафтата се зголеми од 17 ден/л на 52 ден/л.
5. Цената на струјата се зголеми.
6. Цената на водата се зголеми

Поради сите овие поскапувања трошоците на производството на лебот толку многу порасnaa што веќе не може да се работи рентабилно, туку се работи со загуба, затоа што цената на лебот е од 1998 година која воопшто не е променета иако сите трошоци за сите овие години се зголемени.

Врз основа на сите влезни трошоци имаше предлог цената на лебот да се зголеми од 20-25 % за 600гр. леб произведен од брашно тип 500.

Реакцијата на Владата на Република Македонија за зголемување на цената на лебот е оправдана бидејќи лебот е основен прехрамбен производ и битен за социјалниот мир во државата. Но ние стопанисуваме во пазарно стопанство во кое слободно се формираат цените врз основа на влезните трошоци и понудата и побарувачката на пазарот. Што значи сите производители на леб работат за да остварат добивка, а не да работат со загуба. Најголем дел од нив се ниско и средно доходовни без многу резервен капитал за да можат да интервенираат во вакви кризни моменти и да имаат резерви на жито и брашно за да се надмине кризата со мали осцилации на трошоците за производство.

Владата може да превземе мерки за да остане цената на лебот непроменета:

1. Да направи интервентен увоз на жито и брашно и да ја држи под контрола цената на брашното и житото, односно да ја избалансира понудата и побарувачката на овие производи и со тоа ќе остане и цената на лебот непроменета која битно ќе влијае на зголемување на животните трошоци на голем број граѓани во Република Македонија и пад на животниот стандард.
2. Да ја субвенционира цената на лебот.

Доколку Владата на Р.Македонија не превземе вонредни мерки за надминување на оваа криза со недостаток на жито и брашно на пазарот, ќе дојде до зголемување на цената на лебот затоа што пекарите односно производителите на леб стопанисуваат во пазарни услови.

**Поради настанатата сосојба на пазарот бараме Владата да ги разгледа сите можности и да не извести за намерите кои мерки ќе ги превземе за пазарно работење на производителите на леб.**

*Секција на фотографи*

## МВР им ја одзема работата на фотографите и врши фотографирање за пасош, лична карта и дозвола

***Барање за заштита на интересите на вршители на фотографска дејност***

Скопје,12.02.2007 год.

Врз основа на добиена информација дека МВР има намера да го превземе работите за изработка на фотографии за лични документи, пасоши, дозволи, со што битно им ја намалува работата на фотографите на кои овие фотографии им претставува 20-50 % извор на приходи.

Доколку МВР ги превземе овие активности, а тоа значи дека нема да ги признава фотографиите од вршителите на фотографска дејност, работата и приходите ќе им се намалат за 50% а тоа значи дека ќе дојде до отпуштање од работа на голем број вработени како и до затварње на фотографските дуќани.

Фотографската дејност е една од најскапите дејности затоа што вложувањето во деловниот простор и опрема како и перманентното вложување во нови технологии влијае да едно работно место во оваа дејност е просечно околу 10.000 Евра. Се вложува во областа за изработка на дигиталната фотографија, а тоа бара вложување во мини лабараторија која чини од 40.000-130.000 Евра.

Со оваа намера на МВР да ги превземе работите од фотографите на територија на РМ директно допринесува:

- на смалување на обемот на работа и изворот на приходи, со што драстично влијае на бизнисот на фотографите и нивните вработени,
- опаѓање на прометот во големопродажбата,
- отпуштање на најмаку 600 вработени
- за затварање на најмалку 100 дуќани на кои најголем извор на приходи е изработка на овој вид фотографии,
- опаѓа кредитната способност на фотографите кои имаат набавено опрема со кредит или лизинг,
- директно влијае на намалување на буџетските приходи врз основ на даноци и придонеси,
- индиректно влијае на поскапување на фотографските услуги за да ги надоместат приходите кои ги губат со одземање на овие услуги,

• ги доведува во неповолна положба крајните корисниците на фотографски услуги кои сето ова ќе треба да го платат



Овој проблем Хрватска и Словенија го имаат решено и МВР врши скенирање на фотографиите кои ги изработуваат фотографите. Само во БиХ фотографирањето го има МВР и се покажа дека квалитетот на фотографии не задоволува.

***ПРЕДЛОГ РЕШЕНИЕ:***

Занаетчиската комора Скопје, Секцијата на фотографи предлага исклучиво вршителите на фотографска дејност да фотографираат и изработуваат фотографии за лични, патни и други документи, а МВР да врши само скенирање.

Оваа предлог решение кое се предлага се заснова на единствено на заштита на животниот и екзистенцијален интерес за опстанок и развој на фотографскиот бизнис. Дали на овој начин создава поволни услови за развој на овие мали бизниси.

Фотографите и така се наоѓаат во лоша финансиска состојба поради ниската куповна моќ на граѓаните кои неможат да ги платат услугите, а исто така фотографите мораат да го следат техничко технолошкиот развој и постојано да набавуваат нова техничко технолошка опрема, како би можеле да опстанат на пазарот, каде конкуренцијата е голема.

На стопанствениците е потребно, а посебно на малите и микро да им се обезбеди една стабилна клима и услови во кои може да работат, планираат и се развиваат. Државата пресметала дека од оваа дејност ќе остварува приход, а воопшто не размислувала за состојбата на толку голем број стопанственици.

На сите овие стопанственици фотографи и покрај тоа што им се намалува работата и приходот, не им се намалуваат даноците, придонесите, закупнините, струјата, водата, комуналиите, таксите...

Немаме информација кои биле аргументите што Министерството се одлучило за овој чекор, дали биле во прашање финансии или нешто друго, но сигурно со ова ќе се направи монопол во формирањето на цените за фотографските услуги.

Сметаме дека овој проблем треба да се реши на тој начин што ќе седнат Занаетчиската комора со ресорните министерства и тоа, Министерство за економија, Министерство за финансии, Министерство за внатрешни работи и Министарство за труд и социјална политика и ќе го решат овој проблем на општо задоволство на сите фотографи .

Влог во опрема, деловен простор и вработени во фотографските бизниси:

1. Опрема

| | |
|---|---|
| - Дигитални машини | |
| | 45 x 80,000 = 3,600.000 Евра |
| - Аналогни машини | |
| | 153 x 8,000 = 1.224.000 Евра |
| - Дигитални фотоапарат | |
| | 500 x 1.500 = 750.000 Евра |
| - Аналогни фотоапарати | |
| | 400 x 500 = 200.000 Евра |
| - Расветни тела | |
| | 600 x 500 = 300.000 Евра |
| - Позадини | 45.000 Евра |
| - Штампачи | 75.000 Евра |
| | Вкупно:6.194.000 Евра |

2. Недвижности-деловни простории:
250x40м$^2$ = 1.200 м$^2$ = 12.000.000 Евра

3.Вработени:

198 фотографи со 3 вработени се 594 семејства кои егзистираат од оваа дејност.

*Секција на каменоресци*

## Барање за заштита на конкурентност во врска со случаите за недозволување од АД БУТЕЛ на каменоресците да изведуваат надгробни споменици на полуготови и бетонирани гробни места

Дата: 21.09.2007 година

Барањето го поднесуваме од причина што БУТЕЛ Акционерско друштво за погребни и придружни активности Скопје се однесува монополистички кон приватните каменоресци, изведувачи на надгробни споменици од причина што имаме изјави од сите каменоресци дека БУТЕЛ на цели парцели гради бетонирани или полуготови гробни места на кои другите приватни каменоресци и покрај барањето на граѓаните тие да им постават и изградат надгробен споменик, Бутел не го дозволува тоа и покрај тоа што нивната цена е два или три пати повисока од понудата на приватните каменоресци.

Каменоресците поднесуваат барања за изградба на надгробен споменик, а БУТЕЛ не го прима барањето и не им става приемен печат ниту пак им одговара на нивните барања, се со цел да нема докази дека работат монополистички и не ја почитиуваат конкуренцијата на пазарот.

Поради ова граѓаните се должни да ги нарачаат надгробните споменици само од БУТЕЛ.

Напоменуваме дека Бутел цели парцели по стотици гробни места ги прави на овој начин за да не дозволи никој да работи и



изведува надгробни споменици туку само тој со уцена на граѓаните да ги изведува.

Наместо БУТЕЛ само да ги испарцелизира гробните места и им ги нуди на граѓаните тој прави полуготови и бетонирани гробни места и ги уценува граѓаните. Имаме и конкретни изјави од каменоресци со кои се потврдува дека БУТЕЛ не им го прима барањето за изработка и поставување на надгробни споменици на полуготивите или бетонирани гробни места, како и на гробни места на кои има поставена надгробна плоча од страна на АД БУТЕЛ, а старателот на гробното место сака да ја промени и има договор со изведувачот која го поднесува барањето затоа што точно се наведени и парцелите на кои треба да се вршат градежни и други придружни активности.

Врз основа на изнесеното произлегува дека БУТЕЛ не ја почитува конкурентноста и се однесува монополски поради што бараме да се поведе постапка за заштита на конкурентноста и се донесе решение со кое ќе му се забрани вакво монополистичко однесување и работење и доколку се утврди прекршок да му се изрече соодветна казна со што граѓаните слободно на пазарот ќе можат да избираат кој изведувач и за која цена ќе си постават надгробен споменик,а не да бидат уценувани од АД БУТЕЛ да ги нарачуваат надгробните споменици само од нив.

## СКОПЈЕ - БАЛКАНСКИ ЗЛАТАРСКИ ЦЕНТАР

***Се отвори Образовен центар за обработка на злато и сребро***

Занаетчиската комора Кобленц во рамки на својот Партнерски проект во Македонија донираше модерна опрема за опремување на Образовен центар за обработка на злато и сребро во вредност од 25.000 евра на својот партнер Занаетчиска комора Скопје.

Центарот беше свечено отворен на 27 септември од страна на Амбасадорот на Сојузна Република Германија г-дин Ралф Брет и Заменик министерот за образование г-дин Проф.Др. Јован Лазрев во присуство на многубројните гости од земјата и странство.



Во своето обраќање Заменик министерот за образование г-дин Лазарев истакна дека се радува на големата активност на германската комора во областа на стручното образование како и се заблагодари на Германската влада и германскиот народ за помошта која ја пружаат на Македонија.

Амбасадорот на Република Германија г-дин Ралф Брет истакна дека занаетчиството е неопходно, како и дека во неговата земја има долга и богата традиција и се надева дека во Македонија занаетчиството ќе продолжи во насоки на модернизирање и чекор со новите техники и технологии.

Центарот е сместен во просториите на Занаетчиската комора Скопје која ги адаптираше и опреми своите простории за овој центар. Целта на овој образовен центар е согласно новиот закон за стручно образование и обука да се обавува практичната обука на учениците кои го изучуваат ова или сродни занимања, како и да се обавуваат семинари, обука, квалификација и преквалификација на занаетчиите.

Присутните на свеченото отварање имаа можност да ја посетат изложбата од првите парчиња изработен накит во рамки на двата семинари кои предизвикаа многу симпатии и интерес.





## БАЛКАНСКА АСОЦИЈАЦИЈА НА ЗЛАТАРИ

На 26. септември во Скопје во организација на Балканската канцеларија за мало стопанство и занаетчиство а на иницијатива на Занаетчиската комора Скопје се одржа средба на претставниците на асоцијациите, здруженијата и секциите на златарите од седум балкански земји.

На средбата се донесе едногласна одлука за основање на Балканска асоцијација на изработувачи на накит со седиште во Скопје.

Свеченото основање на Балканската асоцијација ќе се одржи за време на Саемот на златари во рамки на Саемот Технома од 23 до 27 Октомври 2007 год.

На свеченоста ќе се презентираат целите и задачите, како и годишниот план на работа на златарската асоцијација.







## ДВА СТРУЧНИ СЕМИНАРИ ЗА ЗЛАТАРИТЕ

***„Дизајн на накит" во новиот образовен центар***

Од 17 до 21 септември во новиот образоване центар во организација и на Партнерскиот проект на Занаетчиската комора Кобленц се одржа национален стручен семинар за млади златари од Македонија на кој учествуваа 20 ученици.



Семинарот беше под раководство на два германски експерти дипломирани дизајнери г-ѓа Нана и г-дин Јурген Престел.



Учениците имаа можност традиционалните техники да ги интерпретираат на нов начин.

Содржини на семинарот беа:

техники на обликување на жица, техники на моделирање, топење на метал, легирање и леење, дополнителни техники и ковање на сребро. Голем интерес предизвика посебната јапонска техика МОКУМЕ ГАНЕ, која некои од учениците сами ја пробаа. Секој ученик изработи најмалку едно сопствено парче накит, за кое најпрвин се направи скица.



Од 22 до 26 септември се одржа интернационален стручен семинар на кој учествуваа 20 млади златари и производители на накит од седум балкански земји. Овој семинар беше во рамки на Балканската канцеларија за мало стопанство и занаетчиство под раководство на фамилијата Престел.



Дватасеминарибеаодличнаможност за започнување на функционирање на модерната златарска работилница. Овие семинари освен запознавање со новите техники и знаења имаа за цел и зближување на златарите од земјата и регионот и размена на искуства.



Сите кои имаат желба да го видат накиот от кој се изработи во рамки на овие два семимари ги покануваме на Саемот за занаетчиство и мало стопанство на штандот на Занаетчиската комора Кобленц кој ќе се одржи во рамки на саемот Технома од 23 до 27 октомври.

### Да ја сочуваме традицијата на старите занаети филигранист



Занаетчиска комора Скопје
Центар за златари и филигран
организира обука за
12 филигранисти

Запишување
од 25 до 31 октомври 2007 г.
Скопје

информации на тел.:
**3 222 957 или 3 237 850**





# ИСТЕЧЕ РОКОТ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РЕШЕНИЈАТА ЗА ВРШЕЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ ИЗДАДЕНИ ОД ПОДРАЧНИТЕ ЕДИНИЦИ НА ОПШТИНИТЕ ПРИ МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на чл.32 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на занаетчиска дејност (Сл.в.на РМ бр.55/2007 од 04 мај 2007 год.) каде е пропишано дека занаетчиите се должни во рок од 3 месеци од денот на влегување во сила на овој Закон, да го усогласат своето работење со одредбите на овој Закон и да поднесат барање до комората за издавање на решение за вршење на занаетчиска дејност.

По истекот на рокот од три месеци кој истече на 12 август 2007 година, решенија за вршење на занаетчиска дејност издадени од Подрачните единици на Министерството за економија до влегување во сила на овој закон ПРЕСТАНУВААТ ДА ВАЖАТ.

Бидејќи Занаетчиската комора Скопје е основен регистрационен орган кој е овластен да го води Регистарот на занаетчии а тоа значи да издава решенија за усогласување, упис, промена, престанок, не знае како да постапи по истекот на законскиот рок од следните причини:

1.Состојбата на теренот е таква да во Скопје и во републиката не се усогласени повеќе од 70% на решенијата за вршење на занаетчиска дејност кои се издадени од Подрачните единици на Министерството за економија или Секретаријат за стопанство иако Законот за вршење на занаетчиска дејност е (Сл.в. на РМ бр.62/04) во сила повеќе од 3 години.

Тоа значи дека 70% од субјектите кои вршат занаетчиска дејност, занаетчии по 12 август 2007 год. вршат дејност со решенија кои според чл.32 од Законот за измени и дополнувања на Законот за вршење на занаетчиска дејност престанале да важат.

Занаетчиите и понатаму се обраќаат со барања до Занаетчиската комора за усогласување, престанок или промена но бидејќи има правен вакуум не знаеме како да постигнеме.

2.Ако продолжиме да усогласуваме го кршиме Законот и усогласуваме решенија што престанале да важат што значи ќе се појави самоволие.

3.Ако издаваме решенија со кои ќе констатираме дека постојното решение што го имаат занаетчиите според чл.32 престанува да важи Централниот регистар на РМ не може да го избрише затоа што субјектот не е усогласен со Законот за вршење на занаетчиска дејност и не е запишан во Регистарот на занаетчии а тоа значи не е запишан ни во Централниот регистар на РМ,за да може да се избрише.

4.Ако Занаетчиската комора како регистрационен орган го усогласи и веднаш констатира престанок не важење на решението тогаш исто усогласува неважечко решение и ако е така тогаш зошто да го бришеме, ако направиме усогласување.

5.Ако ја оставиме состојбата каква што е сега тогаш субјектите неможат да остваруваат ниту права ниту обврски.Неможат да направат престанок на дејноста, неможат да го престанат работниот однос, неможат да исплаќаат плати за работодавачите и за работниците, неможат да плаќаат даноци, не можат да користат здравствена заштита.

6.Пазарната инспекција ќе ги казнува и ќе ги затвара дуќаните бидејќи вршат дејност со решение кое престанало да важи.

Бројот на занаетчии кои не се усогласени во Скопје се движи околу 4000-5000 а во републиката околу 10.000, кои во просек имаат по 2-3 вработени и тоа се вкупно 20-30000 лица кои ќе останат да лебдат.

Поради сите овие причини предлагаме да се изнајде решение кои ќе го разреши овој правен вакуум и ќе се реши статусот на занаетчиите.

Доколку се најде решение во рамките на постојните законски прописи тогаш е во ред, а во спротивно бараме да се избрише членот 32 и се донесе по скратена постапка измена и дополнување на постојниот Закон каде ќе се даде можност за продолжување на рокот за усогласување и да се предвидат казнени одредби за непочитување на предвидениот рок или да се изнајде некое друго законско решение за разрешување на овој правен и реален проблем за занаетчиите и средување на евиденцијата во РМ.

Предлагаме во најкраток можен рок Министерството за економија да закаже работна средба со претставници од сите инволвирани страни како би можело да се изнајде најповолно решение. Исто така педлагаме Пазарната инспекција да врши редовни контроли ,но да не презема мерки се додека не се изнајде решение.

## ИЗВЕСТУВАЊЕ

**ТП (Трговци поединци), ТД (Трговски друштва) ВРШИТЕЛИ НА ЗАНАЕТЧИСКА ДЕЈНОСТ**

можат да вршат занаетчиска дејност доколку се запишат во Трговскиот регистар и потоа врз основа член 10 од Законот за изменување и дополнување на Законот за вршење на занаетчиска дејност (Сл.в.на РМ бр.62/04;55/07) со Решението од Централен регистар и документ за соодветно стручно образование (диплома) или соодветна стручна оспособеност за вршење на занаетчиска дејност (уверение) за вршителот на дејноста или вработено лице, треба да се запишат во Евиденцијата на вршители на занаетчиска дејност ,што ја води Занаетчиската комора Скопје врз основа на член 38-а од Законот.

Доколку не го исполни овој услов врз основа на член 54 од Законот гло-ба во износ од 2.500 до 5.000 Ев. денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на вршителот, а глоба во износ од 350 до 1.000 Евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на одговорното лице кај вршителот на занаетчиската дејност.

Информации во просториите на Занаетчиска комора Скопје, Ул. Битпазарска бр. 12, Стара Скопска Чаршија или на тел. 3237 850, 3222 957 секој работен ден од 08,00 до 16,00 часот.

Потребни документи:

- Решение за регистрација на фирмата од Централен регистар(фотокопија)
- Диплома или уверение за соодветно стручно образование(фотокопија)
- Лична карта(фотокопија)
- Фотографија со димензии за лична карта



# ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И СОЗДАВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТ НА МАЛОТО СТОПАНСТВО ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ИЗВЕШТАЈ

*од одржаните деловни средби во рамките на Меѓународниот саем за занаетчиство МОС Целје кој се одржа од 12-19 септември 2007 година:*

Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија во рамките на своите програмски активности за 2007 година во делот за промотивни активности за малите и средните претпријатија, во соработка со Занаетчиската комора Скопје како и со партнерите од Република Словенија, организираше деловни средби и настап на наши претприемачи на меѓународниот занаетчиски саем во Целје, Република Словенија.

Деловните средби на занаетчии и стопанственици од Република Македонија, Словенија, Хрватска, Србија и Италија се одржаа на 17.09.2007 година во рамките на Меѓународниот саем за занаетчиство Целје, при што учество земаа седумнаесет (17) наши претприемачи. За сите нив, по претходно утврдена постапка, беа одбрани деловни партнери од горенаведените земји и реализирани беа билатерални деловни состаноци со сите партнери поединечно.

Во рамките на меѓународниот саем во Целје, Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија и Занаетчиската комора Скопје, за претприемачите од Република Македонија обезбедија бесплатен штанд од 24 м$^2$ каде учесниците на деловните средби преку свои промотивен материјал имаа можност да ги претставаат своите производи и да одржуваат деловни состаноци. Покрај проспектите и пропагандниот материјал на македонските претприемачи и занаетчии и ситни производи ,на штандот беа изложени производи ,македонски брендови од уметничкото и рачно ракотворење и тоа охридски бисери сребрен филиграски накит и грнчарските производи од керамика и теракота кои се изработени според археолошките ископини во Македонија и кои ја претставуваат нашата историја и култура.

Претприемачите кои преку организација на Агенцијата и Занаетчиска Комора Скопје зедоа учество на меѓународниот саем во Целје, Република Словенија беа од дејностите: Металопреработувачка; Пластика; Обработка на дрво и мебел; Градежништво.

На деловните средби како и на саемската манифестација во целост, преку организираниот штанд имаа можност да се претставаат следните претприемачи од Република Македонија:

| **ФИРМА** | **ГРАД** |
|---|---|
| К/С Ролоспас | Прилеп |
| Еуромонт | Кратово |
| Лампевски дооел | Кратово |
| Доган | Скопје |
| Конзул | Битола |
| Термо Снејкс | Скопје |
| Фабер РДВ | Скопје |
| Итал Голд | Скопје |
| Македонска Книга | Битола |
| Лимар Универзал | Куманово |
| Инжинеринг Дас | Охрид |
| Тодорович Сан | Скопје |
| Луксор Акваматико | Скопје |
| Ливрин дооел | Скопје |
| Илинка | Скопје |
| Бибилајф Кооператива | Скопје |
| Талев | Охрид |




Вредно е да се напомене дека во рамките на саемската манифестација остварени се неколку значајни средби. Така на пример остварена е средба со Претседателот на Обртна (Занаетчиска) Комора на Словенија, г-дин Мирослав Клун и г-динот Андреј Поглајен. На средбата е разговарано за учеството на претприемачите од Република Македонија на овогодишниот саем и воедно договорен е заеднички настап на претриемачи од Република Словенија во рамките на саемот „ТЕХНОМА" кој ќе се одржи од 23 до 27 октомври 2007.

Заедничкиот штанд го посети и Амбасадорот на Република Македонија во Република Словенија г-дин Самоил Филиповски со кој се разговараше за негово активно вклучување во организација и финансирање на голем штанд за стопанствениците од Р.Македонија на кој ќе изложуваат производи и со кои достојно ќе се претстави македонското стопанство.Се договори да се изготви план за дејствување за наредната година уште во почетокот на 2008 год. На штандот да се претставаат сите брендови од Македонија како и промоција на туризмот.

Се оствари средба и со сопственикот на Скопски саем, ЕРА г-дин Гвидо со кој се разговараше за проширување на постојната соработка и организирање на саемски манифестации и други деловни активности.

Во Љубљана се одржа состанок со претставници од ГЕО колеџот во Словенија и воспоставување на соработка .

Саемот го посети и државниот секретар во Министерството за економија, Г-дин Зоран Маневски .

Првичните оценки од учесниците на меѓународниот саем, како и деловните средби, се дека ваква форма на поддршка на претприемачите им е потребна и се остварени деловни контакти кои ќе произлезат заеднички деловни активности.





# ЗАПОЧНА ПИЛОТ ПРОЕКТ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИОТ ЗАКОН ЗА СРЕДНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА

Министерството за образование и наука на Република Македонија, Занаетчиската комора Скопје, Занаетчиската комора Кобленц проектна канцеларија Скопје, и Средното стручно училиште АСУЦ, како и Центарот за стручно образование и обука потпишаа меморандум да започнат пилот проект во учебната година 2007/2008, кој ќе се заокружи со завршна анализа за подготвеноста на занаетчиските комори да ги преземаат и успешно да ги извршат задачите кои се предвидени во Законот за средно стручно образование и обука.



Г-дин Кат ги објасни целите и задачите на овој пилот проект. На наше големо задоволство на манифестацијата се обратија и Заменик министерот за образование Јован Лазарев и Заменик министерот за економија Киро Спанцев.

Свое обраќање имаа и Директорот на АСУЦ Скопје Игнат Доневски, Претседателот на Занаетчиската комора Скопје Никола Петров, Проект координаторот Др. Евелина Парванова и СлавеВељановски -Претседател на секцијата на автоструката при Занаетчиска комора Скопје.

Во АСУЦ се запиша една паралелка од 24 ученици за занимањето каросериски механичар кој ги обединува авто лимарот и автофарбарот.

На 06 Септември во Домот на занаетчии Скопје свечено Започна Пилот проектот. Наменифестацијата присуствуваа учениците, родителите, професори, авто сервисите, претставници на коморите, министерствата, Ценатарот за стручно образование и обука.

На Свеченоста присуствуваше г-дин Фолкмар Кат - Германски експерт и раководител на Пилот проектот.

Учениците започнаа со наставата во училиштето. Нивната практична настава во ушилишната работилница како и во пртпријатијата ќе ја следи тим на чело со г-дин Вељановски, кој тим ќе изготвува редовен извештај.

Учениците практичната обука ќе ја обавуваат 12 авто-сервиси во Скопје.

Претставници на авто сервисите од 03 до 06 ноември ќе ја посетат Занаетчиската комора Кобленц и нејзините образовни центри.





***НАСКОРО:***
***Прогласување на првите мајстори занаетчии!***

*Весникот го уредија: Денковска Снежана и Штерјова Оливија*